ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач: Градоначалник на
Општина Аеродром
Доц. д-р Тимчо Муцунски

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања

# ЗАВРШНА СМЕТКА
# НА БУЏЕТОТ
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ЗА 2022 ГОДИНА

**февруари 2023 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, (Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), како и член 87, став 2, од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 20/12, 21/14, 23/14, 04/19, 01/21), Советот на Општина Аеродром на -- седница одржана на ден __.__.2023 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2022 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **I - Вкупно приходи** | **1.064.025.000 ден.** | **927.438.998 ден.** |
| Даночни приходи | 456.700.000 ден. | 384.902.749 ден. |
| Неданочни приходи | 80.528.000 ден. | 50.315.866 ден. |
| Капитални приходи | 2.750.000 ден. | 4.971.864 ден. |
| Приходи од дотации | 449.835.000 ден. | 449.863.767 ден. |
| Трансфери | 27.217.000 ден. | 32.618.245 ден. |
| Донации | 46.995.000 ден. | 4.766.507 ден. |
| **II - Вкупно расходи** | **1.300.908.000 ден.** | **1.119.348.591 ден.** |
| Утврдени намени | 1.294.908.000 ден. | 1.118.388.446 ден. |
| Резерви | 6.000.000 ден. | 960.145 ден. |
| **III - Дефицит/Суфицит** | **-236.883.000 ден.** | **-191.909.593 ден.** |
| **IV - Финансирање** | **236.883.000 ден.** | **191.909.593 ден.** |
| **Прилив** | **236.883.000 ден.** | **191.909.593 ден.** |
| - Приливи од домашни заеми | 0 ден. | 0 ден. |
| - Приливи од странски заеми | 0 ден. | 0 ден. |
| - Депозити | 236.883.000 ден. | 191.909.593 ден. |
| **Одлив** | **0 ден.** | **0 ден.** |
| Отплата на главница | 0 ден. | 0 ден. |

**Член 2**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Аеродром на 31.12.2022 година, вкупно изнесува 87.799.523 денари, и тоа:

| | |
|---|---|
| Салдо на 31.12.2022 год. | 88.853.274 денари |
| - Салдо на с-ка основен буџет | 63.418.108 денари |
| - Салдо на с-ка блок дотации | 876.167 денари |
| - Салдо на с-ка самофинансирачки активности | 5.118.808 денари |
| - Салдо на с-ка донации | 19.520.571 денари |

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 63.418.108 денари, се пренесува во делот на основниот буџет на Општина Аеродром за 2023 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на блок дотации во износ од 876.167 денари, се пренесува во делот на блок дотации на буџетот на Општина Аеродром за 2023 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 5.118.808 денари, се пренесува во делот на самофинансирачки активности на Општина Аеродром за 2023 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 19.520.571 денари, се пренесува во делот на донации на Општина Аеродром за 2023 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година се објавува во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

**Совет на Општина Аеродром**

**Претседател,**

**Дејан Митески**